Одделенски наставник Наташа Тодоровска ООУ „ Ѓорѓи Сугарев“ - Битола

# КОЛКУ БОЛИ НАВРЕДАТА

1. Прочитај го секој дел и подреди ги соодветно според хронолошки ред на настаните.
2. За секој дел од текстот запиши поднаслов(реченица) според неговата содржина.

| | |
|---|---|
| Еднаш чавката ѝ подвикна на младата цреша:<br>– Еј, убавице! Зар не ти пречи онаа грда старица?"<br>– Прашај ме нешто поумно чавко – се навреди дрвото.<br>А старата цреша не рече ништо. Само горчливо се насмевна во себе и се сети на годините кога и таа беше млада и убава.<br><br>____________________<br>____________________<br>____________________ | Но ветрето не можеше да се воздржи.<br>– А ти, чавко, дали ја сакаш својата мајка? – ја праша.<br>– Ама прашање – му се подбиваше таа. – Кој е тој што не ја сака својата мајка?<br>– Е, затоа, треба помалку да дрдориш!<br>– А зошто? Што ти пречи тебе сето тоа?<br>– Затоа што старата цреша е нејзината мајка. А и таа некогаш беше најубава на овој рид.Пред повеќе години една нејзина семка, токму јас ја растркалав малку понастрана...<br>Ете, од неа изникна младото дрво... – раскажуваше ветрето.<br><br>____________________<br>____________________<br>____________________ |
| Чавката како да се засрами и без збор одлета... Но бидејќи беше само обична чавка, таа никогаш не дозна дека навредата боли повеќе и од рана.<br><br>____________________<br>____________________<br>____________________ | На ридот имаше две цреши. Едната беше стара, шуплива, речиси исушена и имаше уште само две гранки. А недалеку од неа растеше друга цреша, млада и витка. Нејзините раскошни гранки ја правеа уште поубава.<br><br>____________________<br>____________________<br>____________________ |

resursi.literatura.mk